Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-98/1
17-01-2023 година

По претставката со бр. 08 – 387/1 од 21.07.2022 година, поднесена од [redacted] против Општина Битола – комисија за урбанизам, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 17.01.2023 години, го донесе следниот

# **ЗАКЛУЧОК**
## **за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА ПРЕТСТАВКАТА** со бр. 08 – 387/1 од 21.07.2022 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

## **Образложение**

На 21.07.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 387/1 од страна на [redacted] против Општина Битола – комисија за урбанизам.

По разгледување на Вашата претставка и прилозите кон предметот, Ве информираме дека постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) дискриминацијата се дефинира како *секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.*

Од наведеното во претставката произлегува дека подносителот истата ја поднел поради, промена на ДУП, поднесено на 05.05.2022 година.

Од причина што Комисијата утврди дека не е надлежна за постапување по конкретниот проблем, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката со бр. 08 – 387/1 од 21.07.2022 година поднесена од [redacted] заради ненадлежност за постапување по истата.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Заменик претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]